ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА
# ОПШТИНА КАРПОШ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2022 07 04/2

Скопје, мај 2023 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 17 |
| **Финансиски извештаи за 2021 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 18 |
| Биланс на состојба | 19 |
| Преглед на промени на капиталот | 20 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 21 - 21 |
| Сметководствени политики | 21 - 26 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 26 - 35 |

Прилог 1 - Преглед на резултатите од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 12-30/8 од 27.03.2018 година за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2016 година на Општина Карпош

Прилог 2 - Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог 3 - Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

ДДВ - Данок на додадена вредност
ЈН - јавни набавки
ЗЈН - Закон за јавни набавки
ЕСЈН – електронски систем за јавни набавки
УЈП - Управа за јавни приходи
ЗЛС – Закон за локалната самоуправа
ОУ – основно училиште
МТВ – Министерство за транспорт и врски

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 29-570/8

Дата: 29.05.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на основен буџет (637), за 2021 година.

За финансиските извештаи за 2021 година на сметката на основниот буџет (637) на Општина Карпош изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Извршена е ревизија за 2016 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на основен буџет (637), во кој ревизорот се воздржува од давање на мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи додека за усогласеност со закони и прописи дадено е неповолно мислење.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за наведената ревизија при што констатирано е дека четири препораки се спроведени, четири се делумно спроведени четири препораки се во тек на спроведување, две препораки не се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Карпош, сметка на основен буџет (637) за 2021 година, констатирани се следниве состојби:

- плаќања на обврските со пресметки во период кога општината функционира со блокирана сметка;
- слабости и недоследности при примена на Законот за донации и спонзорства и договорите за донации;

- обврските за ДДВ од страна на општината како даночен обврзник не се измирувани во пропишаните законски рокови;
- ангажирани се лица преку приватни агенции за вработување за вршење редовни работни задачи за период подолг од две години;
- пописот на средствата и обврските е нецелосен;
- за дел од недвижниот имот (земјиште и објекти) не е запишано правото на сопственост;
- за дел од објектите иако има комплетна документација не е утврдена вредноста и истите не се евидентирани во сметководствената евиденција и
- утврдени се недоследности во начинот на примена на одредбите од Законот за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот - Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата ја истакна состојбата со активностите за изградбата на административната зграда и спроведените корекции кои предизвикуваа зголемување на краткорочните обврски во износ од 18.162 илјади денари.

Во делот - Останати прашања, ги обелоденивме состојбите кои се однесуваат на системски слабости, во постојните законски прописи, односно начинот на финансирање на активностите од областа на спортот од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите кои ги имаат општините во градот Скопје, донесување на посебна програма и нејзино финансирање од буџетот на општината.

Од страна на градоначалникот на Општина Карпош доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и е констатирано дека четири претставуваат известување за преземени мерки и активности и мерки кои ќе се преземат по утврдените состојби и дадените препораки и една забелешка не се прифаќа поради не доставени докази кои би имале влијание на утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 18 до 20 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Карпош сметка на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2021 година, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија за 2016 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на основен буџет (637), во кој ревизорот се воздржува од давање на мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи додека за усогласеност со закони и прописи дадено е неповолно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Општина Карпош застапувано од:

- Стефан Богоев, градоначалник од 20.10.2017 до 03.11.2021 година и
- Стевче Јакимовски, градоначалник од 04.11.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во 14.11.2022 до 28.02.2023 година кај Општина Карпош од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2016 при што констатирано е дека четири препораки се спроведени, четири се делумно спроведени, четири препораки се во тек на спроведување и две препораки не се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 06.03.2023 година.

Добиени се забелешки број 11-992/6 од 18.05.2023 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Општина Карпош на сметка на основен буџет (637) од страна на г. Стевче Јакимовски, градоначалник, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-570/6 од 18.05.2023 година.
Забелешките се однесуваат на точка 4.1.4, 4.2.1, 4.2.2, 4.2.4, и 4.3.1. Истите се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и е констатирано дека забелешката на точка 4.1.4, 4.2.1, 4.2.2, 4.2.4 преставуваат известување за преземени мерки или мерки кои ќе бидат преземени во идниот период за надминување на констатираните состојби, а забелешката на точка 4.3.1 не се прифаќа бидејќи не се доставени докази кои би имале влијание на констатираната состојба.

Забелешките на субјектот и одговорот на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор се составен дел на Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Општина Карпош во период од 2018 до 2021 година функционира со блокирана сметка. Од извршениот увид во сметководствената евиденција и документација, утврдивме дека склучени се осум Договори за цесии во вкупна вредност од 26.453 илјади денари со кои добавувачите – цеденти се откажуваат од своите побарувања кон општината - цесус и истите ги преотстапуваат на трета страна - цесионери према кои истите имаат неподмирени обврски. Врз основа на склучените договори во текот на 2021 година преку пресметки исплатени се вкупно 12.575 илјади денари. Ваквата состојба не е во согласност со член 25 од Законот за платниот промет[1] според кој буџетските корисници, единките корисници и другите институции кои имаат сметки во Трезорската главна книга не можат да вршат плаќање со пресметка доколку имаат блокирана сметка, со што реализацијата на трансакции не се врши преку платниот промет на трезорскиот систем. Ваквиот начин на исплата на обврските придонесува платниот промет да се врши надвор од трезорскиот систем со што се нарушува принципот на сметководственото начело на паричното искажување и принципот на редослед на извршување на извршните решенија и нерамноправна состојба на доверителите.

Препорака:

Градоначалникот на Општина Карпош да преземе мерки и активности:

- да не се вршат плаќања со пресметка во услови на блокирана сметка и
- плаќањата на обврските да бидат по редослед согласно роковите на настанување.

4.1.2. Општина Карпош има добиено донации од повеќе донатори. Од извршениот увид во документацијата, кај две донации ревизијата го констатира следново:

- За добиената донација за поставување нова линија за улично осветлување околу паркингот на ул. Варшавска бр.4, при што се поставени 15 столбови за улично осветлување во износ од 1.000 илјади

[1] Закон за платен промет („Службен весник на Република Македонија" бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09,145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15 и 193/17) и член 173 став 3 од Закон за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22);

денари не е обезбедено решение од Министерство за правда со кое ќе се потврди јавниот интерес на донацијата што не е во согласност со член 21 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и

- Добиена е донација за изградба на крак – дел од фекална канализација од улица Будимпештанска до приклучок на улица Московска во износ од 1.276 илјади денари.

  За двете горенаведени донации не е изготвен извештај предвиден во член 19 од Законот[2] каде е утврдено дека дарителот и примателот на донацијата и спонзорството се должни да изготват извештај за дадената и за добиената донација и спонзорство кој треба да ги содржи име и назив на дарителот и на примателот, на крајниот корисник, опис на предметот на донација и на спонзорството, крајна употреба на предметот на донацијата и спонзорството и други податоци. Исто така по склучување на Договорот за донацијата и спонзорството и извештајот донацијата задолжително се доставуваат до УЈП, најдоцна 30 дена од денот на исполнувањето на договорот.

Горенаведените состојби за утврдување на јавниот интерес при доделување на донации кое има влијание на остварување на поволностите на донаторот како и на транспарентноста во делот на добиените донации за општината.

Препорака:
Градоначалникот при добивање на донација во соработка со надлежните служби да преземе мерки и активности за:

- обезбедување на решение од Министерството за правда за потврдување на јавниот интерес на донацијата и
- за секоја донација да се изготвува извештај.

4.1.3. Во деловните книги на Општина Карпош, евидентирани се обврски по основ на данок на додадена вредност во износ од 12.168 илјади денари од кои 5.932 илјади денари потекнуваат од претходни години, а 6.236 илјади денари од пресметковниот период за 2021 година. Ваквата состојба упатува на тоа дека Општина Карпош како даночен обврзник ненавремено ги подмирува обврските за данок на додадена вредност, што не е во согласност со член 43 од Законот за данокот на додадена вредност и истото придонесува за дополнителни трошоци за камата за ненавремено плаќање на данокот на додадена вредност согласно Законот за даночна постапка. Во текот на 2020 година од страна на УЈП донесено е Решение за одложено плаќање на даночен долг на рати според кое вкупниот долг од минати години по основ на неплатени обврски за ДДВ треба да се платат на рати заклучно со

[2] Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/2006; 86/2008; 51/2011; 28/2014; 153/2015);

03.12.2022 година.

Во текот на 2022 година измирени се сите обврски по основ на данок на додадена вредност, поради што ревизијата не дава препорака.

4.1.4. Во 2021 година од страна на Општина Карпош по спроведени постапки за јавна набавка за ангажирање лица преку Приватна агенција за вработување[3] ангажирани се лица, за кои исплатени се средства во вкупен износ од 73.309 илјада денари.

Со извршениот увид и анализа на документацијата, ревизијата констатира:

- Општина Карпош во континуитет ангажира лица за извршување на работни задачи преку Приватни агенции за вработување. Нивниот просечен број во 2021 година е 199 ангажирани лица. Од отстапените лица од приватната агенција 95 лица се ангажирани за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, додека 104 лица се ангажирани во делот на одржување на јавна чистота. Лицата биле ангажирани континуирано за период подолг од две години.

  Советот на Општина Карпош има донесено Програма за екологија и енергетска ефикасност за 2021 година, во која се предвидени средства за потпрограмата – Јавна чистота и хигиена во износ од 51.800 илјади денари каде предвидено е ангажирање на приближно 100 работници но во програмата не е утврден обемот и видот на јавните работи, постапка за ангажирање на лица, надлежните лица за вршење надзор над ангажираните лица, месечниот надомест на ангажираните лица.

  Ваквиот начин на работење, не е во согласност со член 24 од Законот за приватните агенции за вработување, кој предвидува во кои случаи, агенцијата може да отстапи работник за вршење на привремени работи и да склучи договор, но не подолго од две години, со или без прекин;

- Со годишниот план за вработување во општина Карпош предвидено е во текот на 2021 година да се вработат 30 лица со што утврдивме дека бројот на привремено ангажирани лица во општината е поголем од планот за вработување за 2021 година;

- Во 2021 година склучен е Договор за јавна набавка[4] за отстапување на работници. Вкупната предвидена вредност изнесува 5.500 илјади денари. Кон Договорите за отстапување на работник, склучени помеѓу Општина Карпош и Приватни агенции за вработување, со

[3] По спроведени постапки за јавни набавки во 2020 и 2021 година склучени се договори со бр. 15-4254/2 од 05.08.2020 година и бр. 15-4729-2 од 26.07.2021 година;

[4] (бр. 03-889/16 од 08.04.2021);

Прилог кон Договорот се евидентира лицето кое ќе се ангажира привремено (со лични податоци), на кое работно место, износот на нето платата и периодот за кој се ангажира. Договорите за јавни набавки, како и договорите за отстапување на работник немаат подетални одредби за опис на работните задачи и обврски на работникот согласно видот на работното место за кое е ангажиран, ниту пак потребните услови кои треба да ги исполнува и

- Фактурите кои општината ги плаќа кон Приватната агенција за вработувања го содржат само вкупниот бруто износ за исплата и бројот на привремено ангажираните лица, во зависност од тоа дали станува збор за исплата на лица за одржување на јавната чистота или оние за извршување на работите во општинската администрација. Останата пропратна документација кон фактурата, во смисла на точно наведување на лицата за кои се врши исплатата на фактурата нема. Оваа состојба не е во согласност со член 12 од Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници со кој е регулирано дека внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

Утврдените состојби за начинот на ангажирање на лица преку приватните агенции за вработување, овозможуваат намалена транспарентност при вработувањето, субјективност во изборот на лица и повластена положба во постапката на нивно ангажирање, како и непостојаност на кадарот кој треба да ги извршува редовните работни задачи на општината.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

- ангажирањето на лица преку приватна агенција за вработување да се врши само во случаите за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични, неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности;
- да се изготви Програма за јавна чистота со утврден обем и вид на јавни работи кое ќе содржи и постапки за ангажирање на лица за извршување на истата, надомест и контрола и
- исплатата на средствата по основ на ангажирани лица да се врши врз основа на комплетна документација.

### Финансиски извештаи

4.2.1. Пописот на средствата и обврските на средствата со состојба на 31 декември 2021 година не е извршен на начин предвиден во член 21 од Законот за

сметководството на буџетите и буџетските корисници од член 29-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради следното:

- не е извршен попис на состојбата на нематеријалните средства искажани во сметководствената евиденција и Билансот на состојба во износ од 643 илјади денари;
- не е извршен попис на краткорочни побарувања ниту се преземени останати активности во врска со потврдување утврдување на правниот основ и старосната структура на побарувањата, причините поради кои истите се ненаплатени, како и преземените мерки за нивна наплата;
- не е извршен попис на краткорочните финансиски обврски, со цел да се утврди правниот основ за постоење на обврските, како и дали преземените обврски се уредно, хронолошки и целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција;
- пописната комисија нема извршено попис на материјалните средства во подготовка, заради утврдување на степенот на довршеност на инвестицијата за секој одделен објект, и негово усогласување со времените ситуации и периодот на започнување и завршување на инвестицијата и
- не е извршен попис на вонбилансната евиденција.

Поради нецелосно и неправилно извршениот попис и неприфаќање на истиот од одговорното лице, ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на искажаните средства и обврски во Билансот на состојба на ден 31.12.2021 година.

Препорака:
Градоначалникот на Општина Карпош да преземе активности и мерки за спроведувањето на пописот на средствата и обврските и тоа: на нематеријалните средства, краткорочни побарувања и обврски со утврдување на правниот основ и нивната старосната структура, на материјалните средства во подготовка и попис на вон билансната евиденција.

4.2.2. Во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Карпош за 2016 година од страна на овластениот државен ревизор констатирано е дека недвижниот имот добиен по Решение за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Карпош врз основа на спроведен делбен биланс (Сл. весник на Република Македонија, бр.15/2000) не е целосно евидентиран во имотен лист со запишано право на сопственост на име на Општина Карпош. Имено не е евидентиран објектот

за кој има имотен лист бр. 51400 за КП 6521 деловна објекти – месни заедници.

И покрај дадената препорака во извештајот за извршената ревизија за 2016 година, надлежните органи немаат преземено активности за целосно спроведување на истата за надминување на утврдената состојба за евидентирање на градежни објекти со вкупна книговодствена вредност од 64.245 илјади денари, врз основа на добиени известувања од Агенцијата за млади и спорт кои се однесуваат на: Вештачка Карпа, тениски терени на Кеј на река Вардар, и тениски терени на ОУ Јан Амос Коменски.

Нецелосно запишување на правото на сопственост на недвижниот имот по решението за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Карпош, врз основа на спроведен делбен биланс и друга документација (договори за долгорочен закуп, имотни листи, известувања од Агенција за млади и спорт), како и нецелосно евидентирање на земјиште и деловни објекти во деловните книги за кои има документација за сопственост или долгорочен закуп, не е во согласност со член 154 и 155 од Законот за сопственост и други стварни права и член 12 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има влијание врз Билансот на состојба на општината.

Препорака:

Градоначалникот на Општина Карпош да преземе мерки и активности:

- да се изврши анализа за состојбата на недвижниот имот по решението за пренос на сопственост од 2000 година, за секоја катастарска парцела поединечно, заради преземање на активности за запишување на право на сопственост;
- да се изврши проценка на вредноста на градежните објекти и да се воведат во евиденција деловните објекти за кои има право на сопственост и земјиштето за кое има долгорочен закуп и
- да се обезбеди потребната документација за запишување на правото на сопственост на објектите добиени од Агенцијата за млади и спорт.

4.2.3. Во деловните книги на Општина Карпош, со состојба на 31.12.2021 година, искажана е вредност на вонбилансната евиденција (актива и пасива) во износ од 355.837 илјади денари. Оваа состојба е непроменета од 2008 година. Со увид во податоците од сметководствената евиденција за вонбилансна евиденција ревизијата утврди дека во општината нема поткрепувачка документација за тоа што е евидентирано односно кои градби и објекти се водат на вонбилансна евиденција. Наведената состојба не е во согласност со член 12 од Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереално проценување на билансот на состојба.

Препорака:

Градоначалникот на Општина Карпош во соработка со надлежните служби да преземат мерки и активности утврдување на основот за вонбилансната евиденција и нивно соодветно евидентирање.

4.2.4. Од извршениот увид во сметководствената евиденција и документација поврзана со евиденција на камати по налози за извршување ревизијата констатира дека во 2021 година исплатени се средства во вкупен износ од 48.955 илјади денари за камата за ненавремено плаќање на обврски, допресметки на камата, трошоци за постапка, адвокатски, нотарски и трошоци за извршител кои произлегуваат од извршни исправи издадени врз основа на налози за присилна наплата или судски пресуди, со кои се врши присилна наплата од средствата на должникот – Општина Карпош, поради ненавремено платени обврски за извршени работи или услуги од минати години. При добивање на исправите, во деловните книги на субјектот не се евидентирани обврски по овој основ во износ од 35.997 илјади денари што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници со кој е регулиран начинот на проценување на билансните позиции, што доведува до нереално прикажување на билансните позиции во Билансот на состојба.

Препорака:

Градоначалникот на општина Карпош да преземе мерки и активности по добивање на извршните исправи односно пресуди, да врши навремено евидентирање на обврските за дополнителните трошоци кои потекнуваат од сметководствените документи, како и еднаш годишно да се евидентира допресметана камата со состојба на 31.12.

## Користење на средствата согласно законски прописи

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Општина Карпош за 2021 година со Законот за јавните набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција помеѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на

економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, со кој го определува очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки. Годишниот план за јавни набавки за 2020 година, во текот на годината бил менуван и дополнуван 9 (девет пати, односно со првичниот план предвидени биле 122 постапки, а со последната измена и дополна 133 постапки што претставува 8,96 % зголемување, а спроведени се 87% од планираните постапки.
Со ревизијата беа опфатени вкупно 28 постапки за јавни набавки, од кои 14 постапки за јавни набавки спроведени во 2021 година и 14 постапки спроведени во 2020 година, а кои имаат реализација во годината предмет на ревизија. Вредноста на договорите во ревидираните постапки изнесува 85.072 илјади денари со вклучен ДДВ, што опфаќа 75% од вкупната вредност на доделените договори во износ од 113.855 илјада денари.

Со увидот во планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки утврдени се следните состојби:

4.3.1. При спроведување на постапките за јавни набавки утврдивме непочитување на законските одредби во однос на:

- во 11 постапки за јавни набавки кои завршуваат со склучување на договор или рамковна спогодба, во вкупна вредност од 31.835 илјади денари, избраниот најповолен понудувач кои својата способност при поднесување на понудите ја докажал со доставување на изјава за докажување на способност, не ги доставил доказите за докажување на личната способност како причина за исклучување/не исклучување од постапката а во една од постапките не доставил и докази за докажување на техничка и професионална способност. Доказите не се побарани ниту од страна на комисијата за ЈН и е преминато кон склучување на договорите. Ваквата состојба не е во согласност со член 49, а во врска со член 88 и 95 од ЗЈН, според кој пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен да ги достави документите за утврдување способност, доколку не ги доставил со понудата;

- по договор за Јавна набавка на работи, за изведба на водоводна мрежа на територија на Општина Карпош, на износ од 3.716 илјади денари (без пресметан ДДВ), и Договор за изработка и монтажа на фитнес зони на територија на Општина Карпош, на износ од 1.300 илјади денари (со пресметан ДДВ) не е запазен предвидениот рок за испорака на изведените работи од страна на изведувачот наведен во член 6 односно 7 од договорот, а Општина Карпош не ја активирала банкарската гаранција согласно одредбите од поединечните склучени договори;
- кај 15 (петнаесет) поедноставени отворени постапки и 2 (две) отворени постапки за јавна набавка Известувањето за склучен договор е објавено по изминување на законски утврдениот рок што не е во согласност со член 70 став 1 од ЗЈН според кој договорниот орган задолжително објавува известување за склучен договор на ЕСЈН во рок од десет дена по склучувањето на договорот и
- кај 3 (три) поедноставени отворени постапки, Известувањето за реализиран договор е објавено по изминување на законски утврдениот рок што не е во согласност со член 70 став 8 од ЗЈН според кој договорниот орган задолжително објавува известување за реализиран договор на ЕСЈН во рок од десет дена по целосната реализација на договорот.

Утврдените слабости во примената на ЗЈН не обезбедуваат транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувачите придонесува од несоодветна примена на Законот за јавни набавки.

Препорака:

Градоначалникот во соработка одговорните лица во општината кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки да преземе мерки и активности за:

- при евалуација на понуди и пристапување кон склучување на договор да се обезбедат сите документи пропишани во тендерската документација;
- следење на реализацијата на договорот и активирање на банкарска гаранција за ненавремена реализација;
- известувањето за склучен договор да се објави во законски утврдениот рок и
- известувањето за реализиран договор е објавено по изминување на законски утврдениот рок.

## Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.1., 4.2. и 4.3. се однесуваат на: плаќање со пресметки во период кога општината функционира со блокирана сметка, не е изготвен извештај за добиените донации, не измирувани обврски за ДДВ согласно пропишаниот законски рок, ангажирање на лица преку приватни агенции за вработување кои вршат редовни работни задачи за период подолг од две години, не е извршен целосен и квалитетен попис на средствата и обврските, за дел од недвижниот имот (земјиште и објекти) не е запишано правото на сопственост, а за дел од објектите и земјиштето во целост за кои има документ не се евидентирани и утврдени се недоследности во начинот на примена на одредбите од Законот за јавни набавки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Карпош на ден 31 декември 2021 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечка законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Карпош не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашање за неизвесност и континуитет

6.1. Сметаме за потребно да го истакнеме состојбата за Изградбата на административниот објект на општината која е започната во 2011 година а во 2016 година е стопирано со работа и истата е евидентирана на позицијата Материјални средства во подготовка во износ од 170.875 илјади денари.

Со Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за општина Карпош за 2016 година констатирани се состојби во врска со оваа градба и тоа дека се врши врз основа на изменет проект без одобрение од Советот на општината, како и без изменето одобрение за градба, истата не е предвидена како развојна програма иако градбата е повеќегодишна, спроведени се поголем број на постапки за јавни набавки, за кои се обезбедуваат средства на

годишно ниво од несоодветна програма, воспоставено е заложно право на деловен објект (идна градба) и заложно право на земјиште под долготраен закуп за одредена намена, кај деловна банка за одобрување на долгорочен кредит, иако заложното право е без обезбедена согласност од Министерството за транспорт и врски и Државното правобранителство на РМ.

Во 2021 година продолжени се активности во врска со Административната зграда. Склучен е Договор за изработка на техничка документација за објекти од високоградба за потребите на Општина Карпош[5]. Доставена е и фактура[6] за извршената работа.
На 03.11.2021 од страна на Општина Карпош до Министерство за транспорт и врски поднесено е барање за издавање на Одобрение за градење на градбата Административен објект за локалната самоуправа на Општина Карпош преку информациониот систем е-одобрение за градење по што од страна на МТВ се носи Решение[7] со кое барањето на општината се отфрла заради ненадлежност спрема категоријата на градбата за кое е поднесено барањето.

6.2. Во текот на ревизијата од надлежните на општината прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, односно во сметководствената евиденција извршени се корекции на сметката краткорочни обврски спрема добавувачи и Активни временски разграничувања, поради неевидентирани обврски за камата по основ на ненавремено плаќање на обврските за ДДВ.

Вкупните ефекти од извршените корекции се зголемување на краткорочни обврски спрема добавувачи и Активни временски разграничувања за 18.162 илјади денари, поради неевидентирани обврски за камата по основ на илјади денари.
Корекцијата е спроведена во налог број 37 од 31.12.2022 година.

## 7. Останати прашања

7.1. Финансирањето на активностите од областа на спорт и рекреација, се предвидени во листата на надлежности на општините, согласно член 22 став 1 т. 6 од ЗЛС, меѓутоа не и во надлежности на општините во градот Скопје, во кои спаѓа и Општина Карпош, дефинирани во член 15 од Законот за град Скопје, според кој во работи од јавен интерес не е вклучен спортот, како

[5] Договор бр. 03-5952/16 од 12.10.2021 година;
[6] Бр. 05-971/1 од 10.02.2022;
[7] Бр.28-УП-175/21 од 05.01.2022 година;

надлежност на општините во градот Скопје, односно согласно член 10 став 1 од истиот закон, оваа надлежност е дадена на градот Скопје.

Од друга страна, во член 22-а од Законот за спортот, се утврдени надлежностите на општините, општините во Град Скопје и Град Скопје, во областа на спортот, меѓу кои се: развој на масовниот спорт и рекреативни активности на граѓаните, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, поддршка и унапредување на спортот, спортски клубови и професионални спортски клубови и поддржување на општинските сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје, а за нивно остварување, советите на општините и Советот на градот Скопје или комисијата на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје надлежна за спортот, донесуваат програми на предлог на општинските спортски сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје. Исто така, според овој член, програмите се финансираат од буџетот на општините и буџетот на Град Скопје, донации и спонзорства, а за исполнување на програмите и роковите утврдени во нив, до советите на општините и Советот на град Скопје, сојузите на спортови на општините и Сојузот на спортови на градот Скопје, поднесуваат извештај.

Согласно наведеното, ревизијата смета дека е потребно да се изврши усогласување на законските прописи од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите во областа на спортот, за општините во градот Скопје, начинот и условите на донесувањето на посебна програма во рамките на општината, донесена од Советот, и финансирањето на ваквите активности од средствата одобрени со буџетот на општината.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 536.069 | 351.215 |
| **Вкупно приходи** | | **536.069** | **351.215** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 80.132 | 76.835 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 208.787 | 156.256 |
| Каматни плаќања | 3.2.3. | 5.916 | 3.277 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 57.986 | 33.525 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 6.389 | 5.439 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **359.210** | **275.332** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.3. | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 146.217 | 69.252 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **146.217** | **69.252** |
| | | | |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **30.642** | **6.631** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **536.069** | **351.215** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 153 | 358 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 323 | 0 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.3. | 10.883 | 10.883 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4. | 17 | 5 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 350.596 | 462.997 |
| Залихи | 4.1.6. | 797 | 497 |
| **Вкупно тековни средства** | | **362.769** | **474.740** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 643 | 1.153 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 1.944.676 | 1.668.513 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 205.650 | 202.503 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2.150.969** | **1.872.169** |
| **Вкупна актива** | | **2.513.738** | **2.346.909** |
| **Вонбилансна евиденција - активни сметки** | 4.3. | **355.837** | **355.837** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | 4.4. | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 212.082 | 266.750 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.2. | 12.168 | 34.139 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.3. | 5.941 | 5.955 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.4. | 216.702 | 213.749 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **446.893** | **527.781** |
| **Долгорочни обврски** | 4.5. | **120.729** | **148.965** |
| **Извори на средства** | 4.6. | | |
| Извори на капитални средства | 4.6.1. | 1.946.116 | 1.670.163 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.946.116** | **1.670.163** |
| **Вкупна пасива** | | **2.513.738** | **2.346.909** |
| **Вонбилансна евиденција - пасивни сметки** | 4.7. | **355.837** | **355.837** |

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2021 година | 1.669.666 | 497 | 1.670.163 |
| Зголемување по основ на: | 301.806 | 6.109 | 307.915 |
| Набавки | 62.742 | 6.109 | 68.851 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 239.064 | | 239.064 |
| Намалување по основ на: | 26.153 | 5.809 | 31.962 |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 26.153 | | 26.153 |
| Пренос од залихи | | 5.809 | 5.809 |
| Состојба 31.12.2021 година | 1.945.319 | 797 | 1.946.116 |

**Преглед на резултатите**
**од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 12-30/8 од 27.03.2018 година за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2016 година на Општина Карпош**

| Препорака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препораката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | 4.1.1. | Органите на Општина Карпош да преземат мерки и активности во насока на одобрување на дополнет основен проект врз основа на фактичката состојба, добивање на одобрение за градење, согласно ваквиот дополнет проект и добивање на писмена согласност за ставањето под хипотека на земјиштето на кое се гради објектот, како обезбедување на задолжувањето по договорот за одобрен долгорочен кредит со деловна банка. | ВТ | На 03.11.2021 од страна на општина Карпош до Министерство за транспорт и врски поднесено е барање за издавање на Одобрение за градење на градбата Административен објект за локалната самоуправа на Општина Карпош преку информациониот систем е-одобрение за градење по што од страна на МТВ се носи Решение[1] со кое барањето на општината се отфрла заради ненадлежност спрема категоријата | |

[1] Бр.28-УП-175/21 од 05.01.2022 година

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на градбата за кое е поднесено барањето.<br>Исто така, на 12.10.2021 година е склучен договор со економски оператор за изработка на техничка документација за објекти од висока градба (административен објект) за потребите на Општина Карпош. | |
| 2 | 4.1.2. | Органите на Општина Карпош да преземат мерки за преиспитување на одговорност за настанатиот случај со имотот на општината и Советот да одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината, како што е уредено со Законот за локална самоуправа. | СП | Добиена Одлука од Влада бр.41-9281/1 од 06.12.2012 година, со која се задолжува О. Карпош со јавно наддавање да отуѓи градежно земјиште на КП.бр. 3408/1 КО Карпош со површина од 10.430 м², евидентирана во имотен лист 56583. | |
| 3 | 4.1.4 | Органите во Општина Карпош, да преземат мерки и активности за преиспитување на потребата од ангажирање работници за вршење на секојдневни работни задачи, врз основа на претходна анализа на бројот на вработените и работните места за кои не се обезбедени извршители, според актот за систематизација, за што е потребно редовно вработување и пополнување на | НС | | Не е спроведена детална анализа на потребата од ангажирање на привремени работници и истото не е утврдено во Годишниот план за вработување на општина Карпош за 2021 година. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | работните места, или пак постојат други случаи за потребата од нивно ангажирање (зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проект, и сл) согласно законските прописи. | | | |
| 4 | 4.1.6 | Органите на општина Карпош, да ги преземат следните мерки и активности, и тоа:<br>- да се планираат и обезбедуваат средства за финансирање на активности од областа на спортот, согласно можностите на општината, на годишно ниво;<br>- на крајот на годината да се изготвува годишен извештај за реализација на Програмата за активности на општината од областа на спортот, со податоци за реализираните активности, од аспект на видот, намената и потрошените средства за секоја поединечна активност, согласно програмата;<br>- да се склучува договор во писмена форма, со примателот на донацијата и спонзорството и да се изготвува извештај за дадената донација и спонзорство, доставен до надлежната институција согласно законските прописи; | ДС | - Програма за активностите на ОК во областа на спортот за 2021 година бр. 09-8209/38 од 28.12.2020 година со две измени<br>- Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на ОК во областа на спортот за 2021 година бр. 09-1764/16 од 11. 03.2022 година;<br>- Договори за финансиска поддршка склучени помеѓу градоначалник и примател на финансиските средства; | Со Програмата за активностите на ОК во областа на спортот предвидена е финансиска рамка од 4.550 илјади денари , од кои реализирани се 1.794 илјади денари, односно само 39%. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - да се воведе помошна евиденција на издадените решенија за одобрени средства, за реализација на активности, во текот на годината. | | | |
| 5 | 4.2.1. | Градоначалникот на Општина Карпош, да преземе мерки и активности за спроведување на целосен и квалитетен попис на средствата и обврските во општината. | ВТ | Не е извршен попис на вонбилансна евиденција, не е извршен попис на побарувања и обврски на начин утврден со Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници и Упатството за вршење на попис. | Пописот на средствата, изворите на средствата, побарувањата и обврските не е целосен извршен согласно пропишаните законски прописи по што се констатирани одредени неправилности од страна на ревизијата. |
| 6 | 4.2.2. | Во наредниот период, Секторот за правни работи и Секторот за финансиски прашања, во Општина Карпош да ги преземат следните мерки и активности:<br>- Секторот за правни работи да направи анализа за состојбата на недвижниот имот по решението за пренос на сопственост од 2000 година, за секоја катастарска парцела поединечно, заради преземање на активности за запишување на право на сопственост;<br>- Секторот за финансиски прашања по | НС | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | извршена проценка на вредноста да ги воведе во евиденција деловните објекти за кои има право на сопственост и земјиштето за кое има долгорочен закуп;<br>- Секторот за правни работи да ја обезбеди потребната документација за запишување на правото на сопственост на објектите добиени од Агенцијата за млади и спорт, и<br>- Секторот за правни работи навремено да ги доставува податоците за недвижниот имот до Секторот за финансиски прашања заради правилно и навремено евидентирање на вредноста на недвижниот имот во деловните книги на Општина Карпош. | | | |
| 7 | 4.2.3 | Во наредниот период, органите на Општина Карпош, да преземат мерки и активности за проверка на целокупната документација во врска со изградбата на бараките заради утврдување на причините кои придонеле за појавените неправилности со лоцирање на одговорноста и правилно евидентирање на состојбите на соодветните позиции во деловните книги и финансиски извештаи. | НС | | Општина Карпош нема преземено мерки и активности за проверка на целокупната документација во врска со изградбата на бараките, причините за појавените неправилности со лоцирање на одговорноста, а исто така не е спроведено правилно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | евидентирање на соодветните позиции во деловните книги и финансиски извештаи. |
| 8 | 4.2.4 | Секторот за финансиски прашања, во соработка со Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи, да ги преземат следните мерки и активности, и тоа:<br>- да се изврши правилно евидентирање и разграничување на објектите и инвестициите во тек, во деловните книги на општината, врз основа на комплетна и веродостојна сметководствена документација.<br>- да се спроведат соодветни корективни книжења во набавната, отпишаната и сегашната вредност на градежните објекти, како и во вредноста на материјалните средства во подготовка. | СП | | |
| 9 | 4.2.5 | Во наредниот период, да се изврши попис на вонбилансната евиденција согласно законските прописи, како и евентуално раскнижување и правилно евидентирање на одделни ставки од вонбилансна во | НС | | Со спроведениот попис за 2021 година, не е извршен попис на вонбилансната евиденција согласно законските прописи, исто |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | билансна позиција, во деловните книги и финансиските извештаи на Општина Карпош. | | | така не е извршено раскнижување и правилно евидентирање на одделни ставки од вонбилансна во билансна позиција, во деловните книги и финансиските извештаи на Општина Карпош. |
| 10 | 4.3.1 | Органите на општината, доколку планираат активности за закуп на медиумски простор и други видови на рекламирање на општината, истите да бидат предвидени во соодветна Програма, одобрена од Советот на општината, за која ќе се обезбедат и трошат финансиски средства, на годишно ниво. | СП | | Во 2021 година е донесена Програма за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавност за 2021 со која е предвидена активност обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори<br>преку со закон пропишани обврски (огласување во дневен весник на македонски и јазик различен од македонскиот и сл.).<br>Во рамките на оваа активност предвидено е |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | дека Општината врши континуиран или периодичен и закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи) согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл.) За реализација на оваа активност со Програмата се предвидени средства во износ од 1.000 илјади денари. |
| 11 | 4.3.2 | Органите на Општина Карпош, да го преиспитаат финансирањето на реконструкцијата на станбените објекти | СП | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | од буџетот на општината во кои влегува изработка на нова фасада замена на кров или лифт од причина што ваквите активности не се во надлежност на општината и влијаат на дополнително оптеретување на буџетот на општината. | | | |
| 12 | 4.3.3 | Во наредниот период, органите на Општина Карпош, заедно со Секторите за правни и финансиски прашања, да ги преземат следните мерки и активности, и тоа:<br>- Да се воведе соодветна евиденција за примени правосилни пресуди и извршни решенија, со податоци за доверителот, главниот долг, со износ и основ за плаќање, платените износи, датум и ставка од која е извршено плаќањето,<br>- Во сметководствената евиденција, да се изврши прекнижување на посебно аналитичко конто за главниот долг, за кој се води спор и за каматата пресметана во пресудата и еднаш годишно да се евидентира допресметана камата до 31.12., по каматна листа која ќе се обезбеди од соодветна институција.<br>- При носењето на буџетот на општината, | ДС | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | да се планираат доволно средства за пресметаната доспеана камата и останатите трошоци по судски спорови кои се водат пред надлежен суд, во кои Општина Карпош е во својство на тужена странка.<br>- Да се информира Советот на соодветен начин преку изготвување на информација за разгледување на седница или преку внесување на податоци по овој основ во годишниот извештај, како и импликациите од можните изгубени судски спорови на терет на расходите, со што дополнително се врши оптеретување на буџетот на општината. | | | |
| 13 | 4.3.4 | Во наредниот период, органите на Општина Карпош, да обезбедуваат доволно финансиски средства од буџетот на општината за навремено плаќање на ДДВ, согласно законските пропишани рокови, со цел да се избегнат дополнителните трошоци за камата и посебни еднократни такси. | СП | - Даночни пријави за 4 квартали<br>- Увид во даночна евиденција од УЈП за период 01.01-31.12.2021 година<br>- Увид во даночна евиденција од УЈП за период 01.01-31.12.2022 година | Во текот на 2021 година О. Карпош и понатаму нема обезбедено доволно средства за намирување на обврските по основ на ДДВ, поради што се пресметува и камата за задоцнето плаќање која не е евидентирана како обврска за камати во деловните книги на општината. Во текот на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | - Решение за одложено плаќање на даночен долг на рати<br>- Налог бр.0037 од 31.12.2022 година<br>- Финансиска картица од 2022 година сметка | ревизијата извршено е евидентирање на обврските за камата. Во текот на 2022 година намирени се сите обврски по основ на ДДВ. |
| 14 | 4.3.5 | Во наредниот период, органите на Општина Карпош, во случај на задолжување на општината, да ги користат средствата за намената за која се одобрени, согласно законските прописи. | ВТ | | Во текот на 2021 година Општина Карпош нема нови задолжувања кај домашни и странски кредитори, но има активности за изградбата на новата административна зграда. |
| 15 | 4.3.9 | Во наредниот период, градоначалникот и Секторот за јавни набавки, заедно и во соработка со останатите сектори, од каде што произлегува потребата за јавна набавка, да ги преземат следните мерки и активности, и тоа:<br>- Планот за јавни набавки, кој се носи на годишно ниво, да биде одраз на реалните потреби за набавки на општината, при | ДС | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | што да се врши групирање на набавките на работи по сродност на предметот на набавка во лотови, заради спроведување на соодветни постапки за јавни набавки.<br>- Да се почитува донесената процедура за јавни набавки, особено во делот на зајакнување на контролата во сите фази на постапката за јавна набавка, со што во целост ќе се обезбеди законското постапување во процесот на јавни набавки. | | | |

*СП-спроведена, ДС- делумно спроведена, ВТ- во тек, НС- не спроведена, НП- не применлива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
„ГРАДОНАЧАЛНИК“
Бр. 11-992/6
18.05.2023 год.
СКОПЈЕ

До
Државен завод за ревизија

Г-дин м-р Максим Ацевски

РЕБУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 18.05.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 29-570/6 | | |

Предмет  Забелешки по Нацрт извештај

Во врска со доставениот Нацрт извештај број 29-570/5 од 12.04.2023година, Наш Број 11-992/5 од 18.04.2023 година, за извршена ревизија на финасиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година за општина Карпош Ви ги доставуваме забелешките по истиот.

Градоначалник
на општина Карпош
Стевчо Јакимовски

**Забелешки на На нацрт извештајот на општина Карпош**
**на Основниот Буџет(630)**

4.1.2 Ве известуваме дека општина Карпош во моментот има склучено договор за привремено вработување на работното место Советник за внатрешна ревизија. Со годишниот план за вработување за 2024 година кој треба да биде донесен во законски рок до 31.08.2023 година ќе биде предвидено пополнување на работно место Советник - внатрешна ревизија.

Прилог Анекс за измена и дополнување на договор за вработување

4.1.4 Ве известуваме дека општина Карпош како што Ви беше потенцирано и при вршење на ревизијата дека Регистарот на недвижен и подвижен имот и покрај тоа што во член 39 од Законот за даноци пишува дека општините во град Скопје треба да водат Регистар и да го достават до Централен регистар и Управата за јавни приходи, за општините во град Скопје тоа сеуште го прави градот Скопје.

**Забелешки на На нацрт извештајот на општина Карпош на Основниот Буџет(637)**

4.1.4 Во врска со забелешката дека за ангажирање на лица преку приватна агенција за вработување, Ве известуваме дека истото е направено поради зголемен обем на работа и континуирана потреба од одржување на јавната чистота на територијата на општината. Понатаму, Ве известуваме дека во текот на 2023 година исплатата на средствата по основ на ангажирани лица се врши врз основа на комплетна пропратна документација кон фактурата.

4.2.1 По препораката во врска со неправилноста и целосноста на пописот на побарувањата и обврските евидентирани во деловните книги сметаме дека пописот е уреден, целосен и квалитетен затоа што во текот на ревизијата можевте да се уверите во веродостојноста бидејќи сите книговодствени документи Ви беа доставени уредно и Ви беа достапни за дополнителни контроли.

Во врска со пописот на побарувања и обврските на општината не спровела целосен попис на побарувањата и обврските во деловните книги, општината за да може да ги внесе во евиденција има соодветен документ каде што се гледа датумот на трансакцијата и правниот основ со пописот за 2022 година, извршен е попис и на состојбата на нематријалните средства но исто така и со попист за 2022 година утврдена е старосната стуктура на побарувањата и обврските.Исто така извршен е попис на матријалните средства во подготовка - инвестиции во тек постои усогласеност со времените ситуации за секој објект посебно и постои информација за периодот на започнување на инвестицијата и извршен е попис на вонбиласната евиденција.

4.2.2 Во врска со состојбата на недвижниот имот по решение за пренос на сопственост од 2000 година се превземаат мерки за да се изврши процена на вредноста на градежните објекти и да се внесат во евиденција.

4.2.4 Веќе од 2022 година штом се добие извршна исправа или пресуда се евидентираат обврските за дополнителните трошоци кои потекнуваат од сметководствени документи и се врши допресметка на камата.

Прилог Финансиски картици од општина Карпош и од Управа за јавни приходи

4.3.1 Во врска со забелешката дека општината не ја активирала банкарската гаранција за склучен договор , истата не е активирана од причина што

изведбените работи се во рамките на важноста на договорот и истите се изведени согласно условите од договорот.
Во врска со забелешката дека во одреден број јавни набавки не се побарани документи за потврдување на изјавите на економските оператори за исполнување на личната способност укажуваме дека пропустот е случен во периодот на рестриктивните мерки за физичко присуство за време на корона кризата. По констатирањето на истиот проверени се сите поединечни вакви случаи , при што се констатира дека апсолутно сите економски оператори во моментот на склучување на договорите ги поседувале документите за лична способност. Во наредниот период се внимава на оваа забелешка. Исто така, поврзано со потребата за доставување на документи за исполнување на личната способност сакаме да напоменеме дека е покрената дискусија со Бирото за јавни набавки за целисходноста на доставување на овие документи дополнително до Договорните органи, имајќи предвид дека сите економски оператори кои учествуваат во постапките за јавни набавки во системот на ЕСЈН мораат на секои шест месеци да ги обновуваат овие документи и да ги достават во Бирото за јавни набавки за да можат да бидат регистрирани на истиот како би можеле да учествуваат во постапките за јавни набавки.

ПРИЛОГ БР. 3

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки број 11-992/6 од 18.05.2023 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Општина Карпош на сметка на основен буџет (630) и на сметка на основен буџет (637), од страна на законскиот застапник г. Стевче Јакимовски, градоначалник, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-570/6 од 18.05.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Сметка на Основен буџет (630)

1. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.1.2** која се однесува на кадровско екипирање на одделението за внатрешна ревизија, **претставува известување** за планирани и преземени активности во насока на надминување на утврдените состојби. Во периодот на забелешки по Нацрт извештај дополнително доставен е Анекс за измена и дополнување на договор за привремено вработување на работно место Советник – внатрешен ревизор, а со Годишниот план за 2024 година ќе биде планирано пополнување на работното место Советник – за внатрешна ревизија.

2. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.1.4** која се однесува на не водење на регистар за недвижен имот од страна на Општина Карпош, обврска предвидена со Законот за даноците на имот, **не се прифаќа** поради не доставени дополнителни докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојба.

Сметка на основен буџет (637)

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.4**. која се однесува на големиот број на ангажирани лица преку Приватни агенции за вработување за подолг временски период од законски дозволениот и исплата на средствата по овој основ по некомплетна документација претставува **известување** за причините за нивно ангажирање кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во периодот на вршење на ревизијата, а за исплатите по некомплетна документација планирано е да се преземат мерки по дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1**. која се однесува на нецелосно и неправилно извршениот попис на побарувањата, обврските и материјалните средства во подготовка за 2021 година претставува **известување** дека Општина Карпош во 2022 година извршила попис на материјалните средства во подготовка, нематеријалните средства и ја утврдила старосната структура на побарувањата и обврските.

5. Забелешката на констатираната состојби во **точката 4.2.2.** која се однесува на идентификација, проценка и евидентирање на дел од имотот добиен со делбен биланс помеѓу Република Македонија и општините во 1999 и 2000 година претставува **известување** дека се преземаат мерки за процена на вредноста на градежните објекти и нивно евидентирање во сметководствената евиденција на општината.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.4**. која се однесува дека не се евидентираат обврските по основ на камати кои произлегуваат од извршни решенија претставува **известување** дека во 2022 година со добивање на извршни исправи или судски пресуди се врши евидентирање на дополнителните трошоци и допресметка на камата.

7. Забелешката на констатираните состојби во точката 4.3.1. и тоа на:

   - **алинеја 1** која се однесува на некомплетна документација за потврдување на личната способност на економските оператори претставува **известување** дека пропустот е случен за време на пандемијата кај дел од постапките за јавни набавки со што се потврдува утврдената состојба од страна на ревизијата и
   - **алинеја 2** која се однесува на непочитување на одредбите на договорот во делот на динамика и начин на испорака на стоките **не се прифаќа.** Со забелешките доставена е документација која ревизијата ја имаше во предвид во периодот на вршење на ревизијата, но не се доставени нови докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојбата.